РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-5268/2
05 -02- 2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-5268/1 од 26.11.2021 година, против службени лица во општина ------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-5268/1 од 26.11.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 26.11.2021 година, поднесена е пријава против службени лица во општина ----- и оформен е предмет број 12-5268/1 од 26.11.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека постојат евидентни коруптивни активности во врска со барањето за изработка на измена на ДУП за УЗ ---- од УБ ------- 1, каде се наоѓал заедничко земјиште на неколку наследници, добиено по пат на денационализација. Пријавителот, наведува дека целта им била на својот имот, за свои потреби да добијат право на градба согласно позитивната законска регулатива. Барањето со број 18----/3 од --.--.2003, Договорот бр.09-----/2 од --.--.2006 година што општина ----- го направил со „-----"------ ДОО и се уште е во постапка и не се одобрува, ниту продолжува постапката и се држи во фиока.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk